„Сласта на иманот ја вкусил оној што е задоволен Аллах да му биде неговиот Господар, исламот неговата вера и Мухамед неговиот пратеник.“

Од Абас бин Абдулмуталиб, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Сласта на иманот ја вкусил оној што е задоволен Аллах да му биде неговиот Господар, исламот неговата вера и Мухамед неговиот пратеник.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известува дека искрениот верник, чие срце е спокојно со својот иман, ќе ја почувствува вистинската сласт на верата, радоста, широчината во градите и убавината на Аллаховата близина, доколку е задоволен со три нешта: 1. Да биде задоволен со Аллах како негов Господар – односно, неговото срце да биде смирено со сè што Аллах му одредил во однос на ризкот и животните околности. Да не се противи на Неговата одредба и да не бара друг господар освен Аллах. 2. Да биде задоволен со исламот како негова вера – односно, неговото срце да прифаќа со спокојство и убеденост сè што исламот пропишал од наредбите и обврските, без да бара пат надвор од него. 3. Да биде задоволен со Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, како негов пратеник – односно, да прифаќа со љубов и радост сè што тој донел, без двоумење и сомнеж, и да не следи друг пат покрај неговиот пат.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65116